# Стручни упатства: Заштита на децата за време на пандемија на корона вирус (в.1)[1]



*Фото: УНИЦЕФ/Леонардо Фернандез/Индија 2019 г.*

## Вовед

Заразните болести како КОВИД-19 може да ја нарушат средината во која децата растат и се развиваат. Нарушувањата кои се одразуваат на семејствата, пријателствата, секојдневните навики и пошироката заедница може да имаат негативни последици по детската благосостојба, развој и заштита. Освен тоа, мерките што се користат за спречување и контрола на ширењето на КОВИД-19 може да ги изложат децата на ризици во поглед на детска заштитата. Мерките за домашен, станбен и зонски карантин и изолација може негативно да влијаат врз децата и нивните семејства.[2]

---

[1] Препорачан цитат: Алијанса за деска заштита при хуманитарна акција, Стручна напомена: Заштита на децата за време на пандемија на корона вирус, верзија 1, март 2019 г.

[2] За повеќе информации околу карантинот, консултирајте ги страниците 14-15 од Упатството: Заштита на децата при епидемии на заразни болести

Целта на овие упатства е да се поддржат практичарите вклучени во детската заштита подобро да одговорат на ризиците при заштитата на децата за време на пандемијата на КОВИД-19. Во првиот дел, дадени се потенцијалните ризици коишто КОВИД-19 ги претставува за децата. Во вториот дел, изложени се програмски опции во согласност со Минималните стандарди за детска заштита при хуманитарна акција од 2019 г. (Систем за клиничко управување со пациенти) и Упатството: Заштита на децата при епидемии на заразни болести.

# 1. Детската заштита во контекст на корона вирусот

КОВИД-19 може бргу да го измени контекстот во кој живеат децата. Карантинските мерки како што се затворање на училиштата и ограничување на движењето ги нарушуваат детските навики и социјална поддршка, истовремено подложувајќи ги родителите и старателите на нов стрес при што можеби ќе треба да најдат нови опции за згрижување на децата или да се откажат од работа. Стигмата и дискриминацијата во врска со КОВИД-19 може да ги направат децата поранливи на насилство и психо-социјален притисок. Мерките за контрола на болеста во кои не се земаат предвид родово-специфичните потреби и ранливост на жените и девојчињата, исто така, може да ги зголемат ризиците при заштитата и да доведат до негативни одбранбени механизми. Децата и семејствата кои веќе се ранливи поради социо-економската исклученост или кои живеат во пренаселени средини се особено изложени на ризик.

## 1.1. Социо-еколошки ефекти од КОВИД-19



## 1.2. Ризици за детската заштита

Некои од ризиците за детската заштита наведени подолу се забележани за време на сегашната пандемија на КОВИД-19, а некои се потенцијални ризици забележани во претходни епидемии на заразни болести.

| Ризици забележани при КОВИД-19 и соодветните мерки за контрола | Причини за ризиците |
|---|---|
| **Ризик за детската заштита: Физичко-емотивно малтретирање** | |
| ● Намален надзор и занемарување на децата<br>● Пораст на злоупотреба на децата и домашно/ меѓусебно насилство<br>● Труење и други опасности и ризици од повреди на децата<br>● Притисок врз, или немање пристап до служби за детска заштита | ● Затворање на градинките/училиштата, обврски за одење на работа на старателите, болест, карантин/изолација на старателите<br>● Поголема психосоцијална вознемиреност кај старателите и членовите на заедницата<br>● Достапност и погрешна употреба на токсични средства за дезинфекција и алкохол<br>● Отежнато пријавување на инциденти |
| **Ризик за детската заштита: Родово насилство (РН)** | |
| ● Поголем ризик од сексуална експлоатација на децата, како на пр., сексуални услуги заради помош, комерцијална сексуална експлоатација и принудни детски бракови<br>● Притисок врз, или немање пристап до служби за детска заштита/РН | ● Намалена семејна заштита на децата<br>● Намалени приходи во домаќинството и/или потпирање врз надворешни лица за транспорт на стоки и услуги во заедницата<br>● Родово наметнати домашни обврски за девојчињата, како на пр., грижа за членовите во семејството или домашни задолженија<br>● Отежнато пријавување инциденти и барање медицинска помош или друга поддршка |
| **Ризик за детската заштита: Ментално здравје и психосоцијална вознемиреност** | |
| ● Вознемиреност на децата поради смрт, болест или одвоеност од некој близок, или поради страв од болеста<br>● Влошување на претходно постоечка нарушена душевна состојба<br>● Притисок врз, или недостаток на пристап до услуги за ментално здравје и психосоцијална поддршка | ● Зголемено ниво на стрес поради изолација во болнички одделенија или во домашен карантин<br>● Децата и родителите/старателите со претходно постоечки душевни состојби може да немаат пристап до вообичаениот третман или поддршка<br>● Карантинските мерки може да создадат страв и паника во заедницата, особено кај децата, ако не разбираат што се случува |

| Ризици забележани при КОВИД-19 и соодветните мерки за контрола | Причини за ризиците |
|---|---|
| **Ризик за детската заштита: Детски труд** | |
| • Зголемен ангажман на децата во опасен или експлоататорски труд | • Губење или намалување на приходот во домаќинството<br>• Можност или очекување за работа поради затворање на училиштата |
| **Ризик за детската заштита: Непридружувани и одвоени деца** | |
| • Одвојување<br>• Останување без придружба или станување глава на домаќинството<br>• Сместување во институција | • Губење на родителите/старателите поради болест<br>• Изолација/карантин на старателот(ите) освен детето(цата)<br>• Деца испратени од родителите да престојуваат кај други роднини во непогодени подрачја |
| **Ризик за детската заштита: Социјална исклученост** | |
| • Социјална стигматизација на заразени лица или поединци/групи за кои постои сомнеж од зараза<br>• Зголемен ризик/ограничена поддршка за децата кои живеат/работат на улица и други деца што веќе се во ризик<br>• Зголемен ризик/ограничена поддршка за децата во судир со законот, каде спаѓаат и децата во институции од затворен тип | • Социјална и расна дискриминација на поединци/групи за кои постои сомнеж од зараза<br>• Несразмерни ефекти врз загрозените и маргинализираните групи<br>• Затворање/непристапност на основни услуги за ранливите деца и/или семејства<br>• Нарушување на процесите на матична евиденција поради карантин |

# 2. Одговор за заштита на децата

Заложувањето кај владата, соработката со другите сектори, и програмите за заштита по мерка на децата се клучни приоритети при одговорот на КОВИД-19.

## 2.1. Соработка меѓу сите сектори и со владите

Како што се нагласува во Системот за клиничко управување со пациенти (СКУП), „превенцијата и одговорот на епидемии со заразни болести налага тесна координација и соработка меѓу повеќе сектори.“ Мултисекторскиот одговор (а) гарантира дека на потребите на децата и старателите ќе се одговори холистички и (б) води кон подобар исход за децата. Чинителите во детската заштита треба да размислат и за соработка со верските и традиционалните лидери. Во мултисекторските интервенции треба да се даде приоритет на:

- Стандардни процедури за документирање и упатување на случаите со деца коишто можеби треба да се следат;
- Јасни протоколи за спречување/намалување на одвојување од семејството и други форми на ризици по детската заштита;
- Намалување на стигмата и социјалното исклучување што можеби е резултат на болеста; и
- Јасни, координирани пораки во заедницата прикладни за децата, што се однесуваат на нивните уникатни ризици и ранливост во врска со епидемијата.

При соработката со Владата, чинителите во детската заштита треба да се залагаат за примена на мерките за КОВИД-19 во согласност со меѓународните стандарди, советите на СЗО и врз основа на човековите права, коишто се недискриминаторски и пропорционални.

Следниве се приоритетни активности за соработка со секторите и владите при одговорот за заштита по мерка на децата.

**Здравство (Стандард 24 на СКУП)**

- Заложете се ранливите деца и нивните семејства да добијат бесплатен пристап до здравствена заштита (доколку не е универзална).
- Соработувајте со цел прашањата на детска заштита да се опфатат во инструментите на здравствениот сектор за проценка и следење.
- Изработете заеднички стандардни процедури за документирање и упатување на случаите со деца меѓу службите за детска заштита и здравствените служби со цел децата да добијат безбедна, соодветна, семејна нега доколку се одвоени.
- Заложете се за јасни процедури на прием и отпуштање по мерка на децата заради останување заедно со семејството и намалување на ризикот од одвојување.
- Олеснете безбедна и редовна комуникација меѓу децата и родителите/старателите кои се привремено одвоени.
- Соработувајте за да обезбедите здравствени установи/пристап до здравствена заштита по мерка на децата, вклучувајќи упатства за здравствениот персонал околу комуникација прикладна за децата и посебни мерки за поддршка на детската психосоцијална благосостојба во услови на лекување и карантин.
- Поддржете обука на здравствените работници околу чувањето на децата (особено кога се одвоени од семејствата или старателите).
- Воспоставете безбедни и по мерка на децата механизми за поплаки и жалби, како и за повратни информации во здравствените установи.
- Зајакнете го капацитетот за клиничко постапување при силување и обезбедете минимум медицински материјали за вакви случаи во клучните установи заради соодветен одговор на сексуалното насилство.
- Соработувајте околу грижата за менталното здравје и психосоцијалната поддршка, како и околу пораките упатени до децата и старателите погодени од КОВИД-19.
- Опфатете мерки за заштита на децата при епидемијата на КОВИД-19 во плановите за непредвидени ситуации.
- Обезбедете изработка на информативни, едукативни и комуникациски материјали, вклучувајќи информации за достапните услуги, напишани и прикажани со ограничен текст во верзии по мерка на децата.

**Вода, санитарни услови и хигиена (Стандард 26 на СКУП)**

- Соработувајте за да обезбедите станици за миење раце прикладни за децата, што се достапни во здравствените установи, училиштата, центрите за згрижување деца, центрите за алтернативно згрижување и други места каде што одат децата.
- Соработувајте на обезбедување сигурни активности по мерка на децата за унапредување на хигиената пред и за време на епидемии, изработувајќи постери и инфографици насочени кон децата, родителите/старателите и наставниците.
- Соработувајте при проверките на безбедноста заради проценка и осврт на сите безбедносни потреби во хигиенско-санитарните објекти.

**Исхрана** (Стандард 25 на СКУП)

- Обезбедете децата и семејствата во карантин, самоизолација или во здравствени установи да имаат пристап до соодветна нутритивна поддршка.
- Соработувајте при проверките на безбедноста заради проценка и осврт на сите безбедносни потреби во центрите за исхрана.

**Образование (Стандард 23 на СКУП; Листа со ресурси на Меѓуагенциската мрежа за образование во вонредни ситуации (ММОВС))**

- Ограничете ги ефектите од прекинот во образованието користејќи методи на учење на далечина, како на пр., ТВ, радио или учење преку интернет по мерка на децата.
- Заложете се кај владата и приватните работодавачи за флексибилен работен аранжман, со цел родителите и старателите што можеби немаат пристап до соодветно згрижување за децата и натаму да се грижат и да ги образуваат своите деца.
- Соработувајте со училиштата за да бидете сигурни дека пораките за заштита и безбедност им се пренесуваат на родителите и децата така што се ограничува паника и вознемиреност, се нуди успокојување и се поттикнува придржување кон здравствените препораки.
- Обучете ги наставниците и другиот училишен персонал околу знаците на вознемиреност за да им овозможите да ги препознаат и да ги упатат децата коишто можеби имаат специфични потреби за детска заштита.
- Обезбедете наставниците и волонтерите да ги имаат потребните знаења и вештини поврзани со ублажување на ризикот од родово насилство, превенција од сексуална експлоатација и злоупотреба, заштита на децата и безбедни практики на упатување.
- Поддржете развивање и воведување на механизми за поплаки и жалби, како и за повратни информации соодветни за децата, во училиштата и другите образовни установи.
- Изработете, дистрибуирајте или изложете во училиштата пораки за детска заштита и достапни услуги, вклучувајќи водење на случај, како и услуги за следење и обединување на семејството.
- Соработувајте со чинителите во образованието на одговор на стигмата и социјалното исклучување во училиштата.

## 2.2. Програми конкретно поврзани со детската заштита

Какви активности треба да ги надополнат постојните активности во Минималните стандарди за

детска заштита при хуманитарна акција и во Упатството: Заштита на децата при епидемии на заразни болести со цел децата да се заштитат при пандемијата на КОВИД-19? Освен ублажување на ризиците, мора да се потпреме врз силните и позитивните одбранбени механизми на заедниците, семејствата, старателите и децата.

<table>
<tr><th colspan="2">Приоритетни активности за детска заштита</th></tr>
<tr><th>Активности за подготвеност</th><th>Активности за одговор</th></tr>
<tr><td colspan="2">Стратегија за детска заштита: Индивидуални и групни активности за детска благосостојба (Стандарди 10 и 15 на СКУП)</td></tr>
<tr><td>● Во консултација со другите, посочете активности за алтернативна поддршка на менталното здравје, и за психосоцијална и образовна поддршка на децата</td><td>● Обучете го персоналот во здравството, образованието, детските служби и службите за ментална и психосоцијална поддршка околу ризиците по децата поврзани со КОВИД-19<br>● Посочете стратегии за обезбедување психо-социјална поддршка на децата, особено на оние во карантин</td></tr>
<tr><td>● Консултирајте ги децата и адолесцентите, вклучувајќи ги и девојчињата, во изработката на интервенции</td><td>● Спроведете активности на далечина за подигање на свеста, погодни за возраста и родот<br>● Адаптирајте ги постојните патеки на упатување</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стратегија за детска заштита: Јакнење на семејствата и на згрижувачките средини (Стандард 16 на СКУП)</td></tr>
<tr><td>● Работете со децата, старателите и другите чинители на разбирање на културните верувања и практики што може да ги заштитат или да ги загрозат децата при епидемија<br>● Посочете можности за подигање на свеста со цел да ја нагласите важноста на сочувствителни односи меѓу родителите и децата<br>● Изработете меѓуагенциски план во соработка со надлежните органи, за да ја зајакнете грижата за ранливите деца</td><td>● Обезбедете насочена поддршка за центрите и семејствата за привремена заштита, каде спаѓаат и домаќинствата на чело со деца и згрижувачките семејства, заради емотивна поддршка на децата и соодветна грижа за себе<br>● Обезбедете финансиска и материјална помош (во готово или преку нефинансиски инструменти) за семејствата чии можности за приходување се засегнати<br>● Поттикнете и создадете безбедни можности за поддршка на рутински контакт меѓу децата и членовите на семејството кои се физички одвоени<br>● Соработувајте со другите секторски актери, вклучувајќи ги и владите, за да воспоставите мерки за спречување на одвојување меѓу децата и семејството</td></tr>
</table>

| Приоритетни активности за детска заштита | |
|---|---|
| **Активности за подготвеност** | **Активности за одговор** |
| **Стратегија за детска заштита: Пристапи во заедницата (Стандард 17 на СКУП)** | |
| ● Посочете каква е улогата на заедницата во подигање на свеста и во заштитата на децата и семејствата<br>● Соработувајте со заедницата за да утврдите стратегии за спречување и заштита на ранливите групи (на пр., бегалци, деца во алтернативна грижа, оние во ризик од стигматизација и социјална исклученост) | ● Соработувајте со членовите на заедницата околу изработка по мерка на децата на пораки за КОВИД-19, поврзаните ризици и патеките на упатување<br>● Посочете флексибилни стратегии за комуникација со заедниците на далечина<br>● Заедно со заедницата, спроведувајте активности за ставање крај на стигматизацијата, промовирање безбедни одбранбени механизми и поддршка на засегнатите популации<br>● Соработувајте со традиционалните и верските лидери околу приспособување на традиционалните практики, доколку е потребно (т.е. обичаи на поздравување, погребување, оплакување, и сл.) |
| **Стратегија за детска заштита: Водење на случаи (Стандард 18 на СКУП)** | |
| ● Обезбедете обука и поддршка за водителите на случаи и постоечките телефонски линии за помош на децата во врска со КОВИД-19, вклучувајќи и основни факти и митови, ефект врз прашањата на детска заштита и услугите за поддршка | ● Ревидирајте ги или изработете СОП со здравствениот сектор и другите заради безбедна идентификација и упатување на децата во ризик |
| ● Соработувајте со здравствените чинители околу изработка на стратегии за вклучување на маргинализираните и тешко достапните деца<br>● Посочете мерки за ублажување на ризикот по водителите на случаи и алтернативни методи за следење доколку домашните посети станат невозможни<br>● Олеснете го упатувањето за други специјализирани услуги, заедно со услуги во врска со родово насилство | ● Воспоставете механизми со цел заедниците кои се соочени со ограничувања на движењето да имаат постојан пристап до холистичка грижа погодна за децата што доживуваат насилство<br>● Идентификувајте ги децата кои поради исклученоста се поранливи (т.е. децата без семејна грижа, децата кои се бегалци, внатрешно раселените деца, децата-мигранти или без државјанство, децата кои живеат и/или работат на улица, децата со попреченост, и др.) |

| Приоритетни активности за детска заштита | |
|---|---|
| **Активности за подготвеност** | **Активности за одговор** |
| **Стратегија за детска заштита: Алтернативна грижа (Стандард 19 на СКУП)** | |
| ● Идентификувајте, обучете и менторирајте локални здравствени чинители за превенција на одвојување на семејствата и за идентификување и упатување на непридружувани и одвоени деца (НОД)<br>● Идентификувајте и обучете лица во заедниците кои се добро позиционирани за грижа околу НОД во случај на појава на КОВИД-19<br>● Изградете капацитет во системите за превенција на одвојување, вклучете се во лоцирање и повторно обединување на семејствата, и обезбедете семејно-базирана алтернативна грижа за НОД | ● Воспоставете безбедна, семејно-базирана алтернативна грижа (по можност кај роднини)<br>● Обезбедете децата што се одвоени од старателите да имаат редовни можности да комуницираат со нив<br>● Избегнувајте ширење на информации со кои може ненамерно да ги поттикнете семејствата да ги занемарат или да ги напуштат своите деца<br>● Соработувајте со надлежните органи на воспоставување систем за евиденција за да спречите долгорочна одвоеност и за да олесните повторно обединување |

# 3. Ресурси

| | |
|---|---|
| ***Надлежност за детска заштита, Мени со ресурси за детска заштита при КОВИД-19*** | Збирка од ресурси за детска заштита во врска со одговорот на КОВИД-19 |
| ***Клучни пораки и активности за превенција и контрола на болеста корона вирус (КОВИД-19) во училиштата*** | Оперативно упатство за заштита на децата и училиштата од КОВИД-19 |
| ***Ресурсна страница на ММОВС во врска со новиот корона вирус (КОВИД-19)*** | Збирка од ресурси за КОВИД-19 и образование во вонредни ситуации |
| ***Информатор на Референтната група за ментално здравје и психосоцијална поддршка при Меѓуагенцискиот постојан комитет околу аспектите на менталното здравје во врска со КОВИД-19*** | Информатор за аспектите на менталното здравје и психосоцијалната поддршка во врска со епидемијата на новиот корона вирус од 2019 г. (КОВИД-19) |